# ФАКТИ ЗА УПОТРЕБА НА ТУТУН

*Секоја година околу 8 милиони луѓе умираат како последица од употребата на тутун*

*7 милиони од директна употреба, а околу 1.2 милиони како последица од пасивна изложеност на тутунски производи*

*Пасивно пушење - изложеност на дим или пареа на било кој од тутунските производи*

*9 од 10 пушачи почнале да пушат пред 18 годишна возраст*

*Употребата на тутун кај младината ја намалува функцијата и развојот на белите дробови, што води кон можност за појава на хронични болести*

*Никотинот прави зависност и сериозни долгорочни оштетувања на мозокот.*




# ПРЕПОРАКИ

*Институтот за јавно здравје согласно законската регулатива, препорачува:*

- *Целосна забрана за употреба на тутунски производи во рамките на училиштето и во областа во негова близина*
- *Да се спроведуваат редовно програмите за едукација на учениците како дел од наставниот курикулум, во кои се зборува за спречување на употребата на тутун*
- *Формирање на услуги за помош при откажување од пушење во рамките на самото училиште*
- *Забрана за продажба на тутунски производи во објекти кои се блиску до самите училишта*
- *Активно следење на ситуацијата и препораките, од страна на училиштата*

**Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија**

# УЧИЛИШТА БЕЗ ТУТУН



# ВИДОВИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

*Тутун за пушење - овде спаѓаат сите видови на производи што се пушат (цигари, пури, цигарилоси итн.)*

*Тутун што не е за пушење - прозводи од тутун што се џвакаат или внесуваат преку нос.*

*Несогорлив тутун - овие се користат со посебни уреди (Iqos, lilsolid),многу популарни моментално.*

*Е - цигари - уреди што загреваат течност која содржи никотин и испушта пареа*



# ПРИДОБИВКИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

*Неупотребата на тутун кај учениците им носи многу бенефити:*

*Животот без употреба на тутун им помага на учениците да развијат здрави животни навики*

*Ако поголем број на ученици се непушачи, тоа ја намалува веројатноста останатите ученици да употребат тутун*

*Создаваат средина, каде изложеноста на пасивно пушење е речиси непостоечка*

*Употребата на тутун се денормализира, односно пушењето станува општествено неприфатливо*



# ПРИДОБИВКИ ЗА УЧИЛИШТАТА

*Неупотребата на тутун во училиштата влијае позитивно, така што:*

*Средини без пушење, овозможуваат побрз и поздрав интелектуален развој на учениците*

*Се намалува ризикот од пожари, како и од професионални заболувања, што се последица од употреба на тутун*

*Се намалува изложеноста на пасивно пушење, на целиот колектив во училиштата*

*Се остава добар пример за околината, како да се развие и одржи една здрава и позитивна средина*

